Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 05.06.2023

На 04.06.2023 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.С.(38) од Куманово. Тој бил осуден на 10 години и 10 месеци затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба" по член 236, „разбојништво" по член 237 и „загрозување на безбедноста на сообраќајот" по член 297 од Кривичниот законик, а бил баран по потерница за доиздржување на шест години и пет месеци од казната. Лицето ќе биде спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Штип за доиздржување на казната.

На 04.06.2023 во 14.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.В.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.06.2023 во 13.50 часот на подрачјето на Петровец, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ѓ.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марухуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.06.2023 во 20.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.06.2023 во 21.55 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Љ.(37) од Тетово затоа што кај него и во неговото патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки бил пронајден хероин. Тој бил задржан во полициска станица за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (04.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 476 возачи. Од нив, 41 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 10 со дури над 70 километри на час над дозволеното. Притоа 235 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 241 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (04.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 171 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, 15 мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за возење под дејство на алкохол, 12 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се девет мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал-црвено светло, пет мерки за некористење сигурносен појас...

Вчера (04.06.2023) во периодот од 15.00 до 21.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 85 возачи . Од вкупно 85 возачи , 56 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 29 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 04.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 36 прекршоци, од кои 19 надвор од населено место и 17 во населено место. На 03/04.06.2023 во периодот од 22.00 до 05.00 часот била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа биле санкционирани 14 возачи. Санкционирани биле и 27 други видови на прекршоци, од кои, 14 за управување возило без возачка дозвола, 3 за возач почетник, 2 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за некористење заштитна кацига и 4 за непрописно паркирање.

На 04.06.2023 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„АСНОМ" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „сеат ибица" со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.З.(27) од Скопје и патничко моторно возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.К.Р.(32) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од возилото „опел корса", а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и уште една малолетна сопатничка од возилото „опел корса" констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.06.2023 во 17.45 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на автопатот Гостивар–Тетово, пред Тумчевишка петла, патничко возило „опел" со скопски регистарски, управувано од М.С.С.(41) од Скопје, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Д.С., а М.С.С. и уште една сопатничка се здобиле со телесни повреди констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гостивар.

На 04.06.2023 во 18.30 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на локалниот пат с.Долно Јеловце – с.Лешница, Д.А.(49) од с. Горна Бањица, гостиварско, управувајќи трактор со приколка без регистарски ознаки, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот А.Ќ.(74), констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гостивар.

На 04.06.2022 во 13.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Свети Николе-Куманово, атар на с.Кшање, кумановско, О.О.(51) од Украина, со привремен престој во Скопје, управувајќи мотоцикл „хонда" со скопски регистарски ознаки, излетал надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Општа болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 05.06.2023 во 01.00 часот во Полициската станица Драчево, Н.С.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Јанко Мишиќ" бил каснат од куче скитник.

На 04.06.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Центар, К.С.(49) од Скопје пријавила дека на ул. „Партение Зографски" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 04.06.2023 во 14.32 часот во Полициската станица Аеродром, В.С.(63) од Скопје пријавила дека на ул. „69" била касната од куче скитник.

На 04.06.2023 во 22.50 часот кај крстосницата за селата Требош и Џепчиште, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово - Полициско одделение Групчин го лишиле од слобода С.Н.(32) од с.Ново Село, општина Желино. При преглед во неговото возило „форд транзит" со тетовски регистарски ознаки биле пронајдени и одземени канти со гориво, за кое изјавил дека го украл од товарно возило паркирано на улица „Благоја Тоска" во Тетово. Лицето било задржано во полициска станица за понатамошна постапка и по расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.06.2023 околу 14.50 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека во кругот на установата била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници извршиле увид и ја подигнале прашкастата материја за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.06.2023 на брегот на Дебарското езеро, полициски службеници од ОВР Дебар ги привеле А.Р.(43), С.Ф.(27) и Д.А.(29), сите од Дебар. Тие се сомничат дека го нарушиле јавниот ред и мир со неовластено пукање од огнено оружје. Во нивна близина, во објект во изградба, биле пронајдени 12 чаури калибар 7,62 милиметри пиштолска муниција. По целосно расчистување на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.06.2023 во 17.30 часот, полициски службеници од полициското одделение во струшкото село Велешта го привеле А.И.(28) од Струга. Тој, во атарот на селото Делогожда, бил затекнат при нелегален транспорт на огревно дрво со патничко возило „опел фронтера". Дрвата и возилото биле одземени и предадени на Шумската полиција од Струга. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на изминатиот викенд, полициски службеници од СВР Куманово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните прописи, при што на подрачјето на Куманово санкционирани се вкупно 129 возачи од кои 88 управувале возило со брзина поголема од пропишаната, 22 санкции за возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 16 за управување возило без возачка дозвола и 3 за нерегистрирано возило.

На 04.06.2023 во периодот од 15.00 до 21.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли, при што полициските службеници затекнале и санкционирале 63 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-11, Струга-16, Кичево-33, Дебар-03). Дополнително, од сообраќај се исклучени 16 возачи кај кои е утврдено дека управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид-03, Струга-01, Кичево-12).

На 04.06.2023 во 10.00 часот на улица „Илинденска" во Охрид, полициски службеници извршиле преглед врз Ф.А.(30) од Охрид, при што пронашле и одзеле нож. Против него, согласно со одредбите од Законот за оружје, ќе биде поднесена соодветен поднесок.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.Т.(45) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 16.03.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Струмица, при што пронашле и одзеле марихуана, амфетамин и таблети МДМА.

На 04.06.2023 во 14.35 часот во Полициската станица Кавадарци, од Општа болница Кавадарци било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Б.М.(44) од с.Тимјаник, неготинско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите на работното место во Територијалната противпожарна единица Неготино. Увид бил извршен.

На 04.06.2023 во 15.00 часот во СВР Скопје, Б.С.(27) од Скопје пријавил дека околу 03.30 часот пред угостителски објект во Градски парк Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице од обезбедувањето на објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.06.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, Џ.М.(29) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба неговата малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.06.2023 во 00.05 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.С. од Скопје пријавил дека на 04.06.2023 околу 22.30 часот на ул.„Христо Татарчев" во Скопје бил физички нападнат од А.Ц. и Г.Ц. од с.Петровец, скопско, кои му упатиле и закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.06.2023 во 00.08 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Арачиново, скопско, во дворот од куќата на М.С.(24) настанал пожар во неговото патничко возило „опел аскона" со скопски регистарски ознаки. Пожарот бил изгаснат од сопственикот, а повредени лица нема.

На 04.06.2023 во 15.30 часот во ОВР Кавадарци, С.С.(43) од Кавадарци пријавила дека околу 15.00 часот на ул.„Илинденска" во Кавадарци била физички нападната од Б.П. од Кавадарци. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.06.2023 во 00.40 часот во СВР Скопје, М.Д.(37) од Скопје пријавил дека околу 00.10 часот на бул.„Јане Сандански" едно лице физички го нападнало и му одзело чанта со лични документи и предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.06.2023 околу 06.05 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„Борис Трајковски" во Велес, патничко возило „дачиа" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.С.(62) од Делчево, со живеалиште во с.Раштани, велешко, удрило во Д.С.(25). Во несреќата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Велес. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Велес.

На 04.06.2023 во 23.20 часот во Полициската станица Кичево, Б.М.(34) од Кичево пријавил дека на улица „Јанко Михајлоски" во Кичево бил нападнат од кучиња скитници, по што паднал. Тој бил пренесен во Општа болница во Кичево каде му биле констатирани тешки телесни повреди.

На 04.06.2023 во 23.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.С.(38) од Скопје пријавил дека од домот се одалечила неговата мајка М.Г.(77), која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.06.2023 во 17.45 часот во ОВР Кичево, Н.Р.(78) од кичевското село Грешница пријавил дека на локален пат во селото Колибари бил каснат од куче скитник.

На 04.06.2023 во 10.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ж.Б.(74) од Скопје пријавил дека на ул.„84" во населба Кисела Јабука бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет